СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ВЕЛЕС

Службен гласник на Општина Велес

Излегува по потреба

Број 01 година LIV

05 јануари 2018 година

Бр.1

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Чашка

Се објавува Одлуката за прифаќање на предлогза воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Чашка,што Советот на Општина Велес ја донесе наседницата одржана на 05.01.2018година.

Број 08-137/1
05.01.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 7 став (1) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), член 14 и 36 став (1) точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“, бр. 05/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл. гласник на Општина Велес“ бр. 12/06, 3/09,18/10 и 15/14),

Советот на Општината Велес, на седница оддржана на05.01.2018година, донесе

ОДЛУКА
за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Чашка

Член 1

Се прифаќа Предлогот за воспоставување на меѓуопштинска соработка, утврден од Советот на Општина Чашка бр.08-1533/8 од 27.12.2017 година, поднесен од Градоначалникот на Општина Чашка бр.09-1580/1 од 28.12.2017 година, за склучување на Договор за вршење на определени адмнистративни работи и услуги помеѓу Општина Велес и Општина Чашка.

Член 2

По донесувањето на оваа Одлука, помеѓу општините ќе биде склучен Договор за воспоставување на меѓуопштинската соработка.

Член 3

Ова Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-132/3
05.01.2018 година
Велес

Претседател
на Советот на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр.2

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес“бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),

Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Решение за избор на командир на Полициска станицаод општа надлежност Велес

Се објавуваРешението за избор на командир на Полициска станицаод општа надлежност Велес,што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 05.01.2018година.

Број 08-137/2
05.01.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 44, став 1 од Статутот на Општина Велес(„Сл.гласник на Општина Велес"бр.12/07),а согласно член 24 од Законот за полиција („Сл.весник на РМ" бр.114/06, 6/09, 145/12, 41/14, 33/15, 31/16 и 106/16),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.01.2018година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Велес

1. За командир на Полициска станица од општа надлежност Велес се избира:
- Орце Коцевски од Велес
2. Командирот на Полициската станица во текот на својата работа, спрема Советот постапува согласно член 25 од Законот за полиција.
3. Ова Решение влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на Општина Велес".

Број 25-132/4
05.01.2018година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 3

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 27 од Статутот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес"бр.12/06, 03/09, 18/10 и 15/14),
Градоначалникот на Општина Велес донесува

З А К Л У Ч О К
за објавување на Заклучок за донесување на Програмата за работа на Советот на Општина Велес во 2018 година

Се објавува Заклучокот задонесување на Програмата за работа на Советот на Општина Велес во 2018 година, што Советот на Општина Велес го донесе наседницата одржана на 05.01.2018 година.

Број 08-137/3
05.01.2018год.
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ" бр.5/02) и член 45, став 1 од Статутот на Општина Велес („Сл.гласник на Општина Велес" 12/06,03/09, 18/10 и 15/14),
Советот на Општина Велес на седницата одржана на 05.01.2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2018 година

1.Советот на Општина Велес ја донесе Програмата за работа на Советот на Општина Велес во 2018 година.
2. Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Велес".

Број 25-132/5
05.01.2018година
В е л е с

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Велес,
м-р Душко Петров с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 45 од Статутот на Општина Велес ("Службен гласник на Општина Велес" бр. 12/06, 3/09, 18/10 и 15/14) и член 134 од Деловникот на Советот на Општина Велес („Службен гласник на Општина Велес" бр.12/07,3/09,18/10 и 15/14)
Советот на Општина Велес на седницата одржана на05.01.2018година, донесе

П Р О Г Р А М А
за работа на Советот на Општина Велес во 2018 година

I. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за работа на Советот на Општина Велес за 2018 година се:
-Програмирање на работата на Советот за тековната година;
-Реализација на надлежностите, што со закон се ставени во надлежност на Советот;
-Продлабочување на соработката со јавните служби основани од општината;
-Јавност и транспарентност во извршувањето на активностите за 2018 година.

II.АКТИВНОСТИ

I-втромесечие

Ред.бр.	Наслов	Рок на разгледување на материјалот	Предлагач	Изготвувач
1.	Квартален извештај на Општина Велес за IV квартал 2017 година	I-во тромесечие - февруари	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Завршна сметка на Општина Велес за 2017година.	I-во тромесечие- најдоцна до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
3.	Завршна сметка за 2017година на општинските основни училишта	I-во тромесечие – март најдоцна до 15 март	ООУ	Општинските основни училишта
4.	Завршна сметка за 2017година на општинските средни училишта	I-во тромесечие – март најдоцна до 15 март	ОСУ	Општинските средни училишта
5.	Завршна сметка за 2017 година на општинските културни установи – Библиотека и музеј	I-во тромесечие – март најдоцна до 15 март	Јавни установи	ЛУ Народен музеј и Локална библиотека „Гоце Делчев“
6.	Завршна сметка за 2017 година на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Димче Мирчев“Велес	I-во тромесечие – март најдоцна до 15 март	Јавна установа	ОЈУДГ „Димче Мирчев“
7.	Завршна сметка за 2017 година на ЈКП „Дервен“	I-во тромесечие – февруари најдоцна до 15 март	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
8.	План за работа на ЈКП „Дервен„ во 2018 година	I-во тромесечие – јануари	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
9.	Завршна сметка за 2017 година на ЈПССО „Парк спорт“’Велес	I-во тромесечие – најдоцнадо 15-ти март	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
10.	Годишен извештај за 2017 година на Општина Велес	I-во тромесечие – најдоцна до 15-ти март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител
11.	Буџетски календар за 2019 година	I-во тромесечие – до 31 март	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања и одговорен сметководител

12.	Годишен извештај за спроведување на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер во Општина Велес за 2017 година	**I-**во тромесечие - јануари-февруари	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
13.	Годишен извештај за јавната безбедност на подрачјето на Општината	**I-**во тромесечие	СВР	СВР-Велес
14.	План за упис на учениците од I година во средните училишта во Општина Велес во учебната 2018/2019 година	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
15.	Програми за реализарање на ученички екскурзии и други слободни активности	**I-**во тромесечие	ООУ	Општинските основни училишта
16.	Годишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**I-**во тромесечие - февруари	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
17.	Годишен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**I –**во тромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
18.	Извештај за работата на ЛУ Народен музеј	**I –**во тромесечие февруари	Локална установа	ЛУ Народен музеј
19.	Извештај за работата на Локална библиотека „Гоце Делчев“	**I –**во тромесечие февруари	Локална установа	Локална библиотека „Гоце Делчев“
20.	Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Вардарски плански регион	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Вардарски плански регион
21.	Годишен извештај за работата на Центарот за развој на Вардарски плански регион	**I-**во тромесечие	Градоначалник	Вардарски плански регион
22.	Годишен извештај за епидемиолошката состојба на територијата на Општина Велес во 2017 година	**I-**во тромесечие – крај на февруари	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
23.	Годишен извештај за реализација на Програмата за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2017 година	**I-**во тромесечие – февруари	ЈКП „Дервен“	ЈКП „Дервен“

II-ротромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за I квартал 2018 година	**II-**ро тромесечие – мај	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Тромесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**II-**тотромесечие –јуни	Претседател на Совет	ЈКП „Дервен“
3.	Тромесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**II**-тотромесечие	Претседател на Совет	ЈПССО „Парк спорт“
4.	Информација за состојбата со водоснабдувањето и безбедноста на водата за пиење во Општина Велес во 2017 година	**II**-тотромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
5.	Информација за санитарно-хигиенската состојба на водата во акумулацијата Езеро Младост за 2017 година	**II**-тотромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
6.	Информација за квалитетот на воздухот и неговото влијание врз здравјето на луѓето во Општина Велес во 2017 година	**II**-тотромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
7.	Информација за безбедноста на храната и биолошкиот квалитет на исхраната во предучилишни установи, ученички домови и болнички установи за 2017 година	**II**-тотромесечие	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
8.	Согласност за паралелки со помал број на ученици	**II**-тотромесечие	ООУ и ОСУ	Општински училишта

1. III-тотромесечие	Квартален извештај на Општина Велес за II квартал 2018 година	**III-**тотромесечие - август	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Полугодишен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**III-**тотромесечие октомври	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
3.	Полугодишен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**III**-тотромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк спорт“
4.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“	**III-**тотромесечие	ОСУ	ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“
5.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ОСУ „Јовче Тесличков“	**III-**тотромесечие	ОСУ	ОСУ „Јовче Тесличков“
6.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ССОУ „Димитрија Чуповски“	**III-**тотромесечие	ССОУ	ССОУ „Димитрија Чуповски“
7.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ССОУ „Коле Неделковски“	**III-**тотромесечие	ССОУ	ССОУ „Коле Неделковски“
8.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ОУД „Лазар Лазаревски“	**III-**тотромесечие	ОУД	ОУД „Лазар Лазаревски“
9.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООУ „Васил Главинов“	**III**-тотромесечие	ООУ	ООУ „Васил Главинов“
10.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООУ „Блаже Конески“	**III**-тотромесечие	ООУ	ООУ „Блаже Конески“
11.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООУ „Св. Кирил и Методиј“	**III**-тотромесечие	ООУ	ООУ „Св. Кирил и Методиј“
12.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООУ „Благој Кирков “	**III**-тотромесечие	ООУ	ООУ „Благој Кирков“
13.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“	**III**-тотромесечие	ООУ	ООУ „ЈХК Џинот“

14.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари	**III**-тотромесечие	ООУ	ООУ „Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари
15.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци	**III**-тотромесечие	ООУ	ООУ „Стојан Бурчевски Буридан “ с. Иванковци
16.	Годишен извештај за воспитно-образовната работа во учебната 2017/2018 година на ООМУ „Стефан Гајдов“	**III**-тотромесечие	ООМУ	ООМУ „ Стефан Гајдов“
17.	Годишна програма за работа на ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“ во учебната 2018/2019	**III**-тотромесечие – најдоцна до 30 септември	ОСУ	ОСУ Гимназија „Кочо Рацин“
18.	Годишна програма за работа на ОСУ „ Јовче Тесличков“ во учебната 2018/2019	**III**-тотромесечие – најдоцна до 30 септември	ОСУ	ОСУ „ Јовче Тесличков“
19.	Годишна програма за работа на ОССУ „Димитрија Чуповски“ во учебната 2018/2019	**III**-тотромесечие – најдоцна до 30 септември	ОССУ	ОССУ „Димитрија Чуповски“
20.	Годишна програма за работа на ОССУ „Коле Неделковски“ во учебната 2018/2019	**III**-тотромесечие – најдоцна до 30 септември	ОССУ	ОССУ „Коле Неделковски“
21.	Годишна програма за работа на ОУД „Лазар Лазаревски“ во учебната 2018/2019	**III**-тотромесечие – најдоцнадо 30 септември	ОУД	ОУД „Лазар Лазаревски“
22.	Годишна програма за работа на ООУ „Васил Главинов“ во учебната 2018/2019 година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	ООУ	ООУ „Васил Главинов“
23.	Годишна програма за работа на ООУ „Блаже Конески“ во учебната 2018/2019година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	ООУ	ООУ „Блаже Конески“
24.	Годишна програма за работа на ООУ „Св. Кирил и Методиј“ во учебната 2018/2019 година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	ООУ	ООУ „Св. Кирил и Методиј“
25.	Годишна програма за работа на ООУ „ Благој Кирков“ во учебната 2018/2019 година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	ООУ	ООУ „Благој Кирков“
26.	Годишна програма за работа на ООУ „Јордан Хаџи Константинов Џинот“ во учебната 2018/2019 година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	ООУ	ООУ „ЈХК Џинот“
27.	Годишна програма за работа на ООУ „Рајко Жинзифов “с. Горно Оризари во учебната 2018/2019 година	**III-**тотромесечие најдоцнао до 30 септември	ООУ	ООУ„Рајко Жинзифов“ с. Горно Оризари
28.	Годишна програма за работа на ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци во учебната 2018/2019 година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	ООУ	ООУ „Стојан Бурчевски Буридан“ с. Иванковци

29.	Годишна програма за работа на ООМУ „Стефан Гајдов“ во учебната 2018/2019 година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	Локална установа	ООМУ „Стефан Гајдов“
30	Анализа на здравствената состојба и здравствената заштита на населението во општина Велес во 2017 година	**III-**тотромесечие најдоцна до 30 септември	ЈЗУ ЦЗЈ Велес	ЈЗУ ЦЗЈ Велес
31.	Годишна програма за работа на Општинската установа за деца Детска градинка за 2018/2019 година	**III-**тотромесечие Октомври	Локална установа	Детска градинка „Димче Мирчев“
32.	Одлука за доделување 9-то Ноемвриски награди и признанија на Општина Велес за 2018 година	**III-**тотромесечие-најдоцна до1 ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности
33.	Одлука за доделување награда за животно дело „Гемиџии“ за 2018 година	**III**-тотромесечие-најдоцна до 1 ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности

IV-тотромесечие

1.	Квартален извештај на Општина Велес за III квартал 2018 година	**IV-**тотромесечие-ноември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
2.	Извештај за работењето на ЈКП „Дервен“ во период од 1-9 месец 2018 година	**IV-**тотромесечие-декември	ЈКП „Дервен“	ЈКП „Дервен“
3.	Извештај од реализираните активности од областа на делегирани надлежности	**IV**-тотромесечие	Градоначалник	Здруженија на граѓани
4.	Одлука за доделување Актерска награда за животно дело „Петре Прличко“ за 2018 година	**IV**-тотромесечие-ноември	Комисијата	Комисија за општествени дејности
5.	Извештај за работата на Комисијата и Одлука за доделување стипендии на талентирани ученици и студенти за учебната 2018/2019 година	**IV -**то тромесечие	стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес	Комисија за стипендирање на талентирани ученици и студенти на Советот на Општина Велес
6.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на Локалниот економски развој во 2019 година.	**IV**-тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за локален економски развој
7.	Програма за одбележување на годишнини на значајни настани и личности во 2019 година	**IV-**тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
8.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на културата во 2019 година.	**IV-**тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
9.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на спорт и млади во 2019 година.	**IV-**тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности

10.	Програма за активностите на Општина Велес за поддршка на граѓанскиот секторот во 2019 година.	**IV-**тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
11.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на социјална и здравствена заштита во 2019 година.	**IV**-тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
12.	Програма за активностите на Општина Велес во областа образованието во 2019 година.	**IV-**тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за јавни дејности
13.	Програма за активностите на Општина Велес во областа за заштита и спасување и противпожарна заштита во 2019 година.	**IV**-тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
14.	Програма за активностите на Општина Велес во областа на промоција и комуникација со јавноста и меѓународна соработка во 2019 година.	**IV-**тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа
15.	Програма за уредување на градежно земјиште и заштита на животната средина на просторот на Општина Велес во 2019 година.	**IV**-тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
16.	Програма за изработка на урбанистички планови и урбанистичка документација за населени места во 2019 година.	**IV-**тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за урбанизам и заштита на животната средина
17.	Програма за зимско одржување на патишта и улици на подрачјето на Општина Велес за сезоната 2018/2019 година	**IV**-тотромесечие до 15-ти ноември	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
18.	Буџет на Општина Велес за 2019 година	**IV-**тотромесечие до 31-ви декември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
19.	Одлука за извршување на Буџетот на општината Велес за 2019 година	**IV-**тотромесечие до 31-ви декември	Градоначалник	Одделение за финансиски прашања
20.	Извештаи за работата на организационите одбори на Културните манифестации основани од Советот на Општина Велес за 2019 година	**IV**-тотромесечие	Градоначалник	Организациони одбори на културните манифестации
21.	Програма за подигнување и уредување на нови зелени површини за 2019 година	**IV**-тотромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“

22.	Програма за управување со гробиштата за 2019 година	**IV**-тотромесечие	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
23.	Годишна програма за работата на ЈПССО „Парк спорт“ за 2019 година	**IV**-тотромесечие	Јавно претпријатие	ЈПССО „Парк Спорт“
24.	Програма за одржување на јавна чистота на територијата на Општина Велес за 2019 година.	**IV-**тотромесечие	Градоначалник	Одделение за комунални работи, сообраќај, изградба и одржување на комуналната инфраструктура
25.	Програма за уредување и одржување на градско зеленило за 2019 година.	**IV**-тотромесечие декември	Јавно претпријатие	ЈКП „Дервен“
26.	Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2019 година.	**IV**-тотромесечие	Комисија за изготвување на Програмата	Одделение за правни и општи работи и месна самоуправа -Комисијата
27.	Годишна програма за работа на културната установа – Локална библиотека „Гоце Делчев“	**IV-**тотромесечие (ноември)	Локална установа	Локална библиотека „Гоце Делчев“
28.	Годишна програма за работа на Локалната установа – Народен музеј	**IV-**тотромесечие (ноември)	Локална установа	Локална установа Народен музеј
29.	Деветмесечен извештај за работата на ЈКП „Дервен“	**IV-**тотромесечие	Претседател на Совет	ЈКП „Дервен“
30.	Деветмесечен извештај за работата на ЈПССО „Парк спорт“	**IV**-тотромесечие	Претседател на Совет	ЈПССО „Парк спорт“

III.ЗАВРШНИОДРЕДБИ

Согласно вака планираните активностипо оваа Програма, јавните служби основани одОпштината се должни тромесечните извештаи заработата во тековната година до Советот наОпштина Велес да ги доставуваат веднаш по изминувањето на рокот за кој се задолжени созакон.

Здружението на граѓани/физички лица накои се делегирани надлежности од одреденаобласт,согласно Одлуката за делегирање, седолжни веднаш по изминувањето на рокот да гидостават своите извештаи за работа до Советотна Општина Велес.

Програмата за работа на Советот вотекот на годината може да се дополнува со другисодржини кои ќе произлезат од тековнитеактивности на Општина Велес и јавните службиосновани од Општината.

Годишните програми и Буџетот ќе бидат донесувани до две фази и за истите ќе бидат организирани јавни расправи. Советот на Општина Велес во тековнатагодина, покрај вака планираното донесува иповеќе одлуки, информации, извештаи ирешенија.

Во предлозите зададени погоре внесени се и доставените предлози на сите институции формирани од општината.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во„Службен гласник на Општина Велес“.

Број 25-132/5
05.01.2018година
Велес

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Совет на Општина Велес
м-р Душко Петров с.р.

Бр. 4

Врз основа на член 50, став 1, точка16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 65, став 1, алинеа 7 од Законот за ученичкиот стандард („Службен весник на РМ” бр. 52/05, 117/08, 17/11, 135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16.),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 3.01.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на вршител на должност директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес

1.Елена Даскалова, вршител на должностдиректорна Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес се разрешува од функцијата вршител на должност директор на ученичкиот дом, поради истек на мандатот од 6месеци, заклучно со 03.01.2018 година.

2. Се задолжува разрешениот вршител на должност директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3. Ова решение стапува во сила од денот на донесувањето.

Број 08-36/2
03.01.2018 година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Бр.5

Врз основа на член 50, став 1, точка16 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 67 од Законот за ученичкиот стандард (“Службен весник на РМ” бр. 52/05,117/08, 17/11,135/11, 15/13, 41/14, 146/15 и 30/16.)

Градоначалникот на Општина Велес на ден 04.01.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за именување вршител на должноста директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски “- Велес

1.За вршител на должноста директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“- Велес се именува:

- Елена Даскалова - професор

2. Вршителот на должноста директор ќе ги има сите права и обврски како директор на Општински ученички дом.

3. Се задолжува вршителот на должноста директор во рок од три дена со разрешениот вршител на должност директор на ученичкиот дом да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

4. Вршителот на должноста директор ги врши работите до именувањето на нов директор, но не подолго од 6 (шест) месеци од денот на неговото именување.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

Број 08-97/1
04.01.2018година
Велес

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Велес
Аце Коцевски с.р.

Бр. 6

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 5/02) и член 133, став 2, алинеа 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11,6/12,100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14,10/15, 98/15, 145/15 и 30/16),

Градоначалникот на Општина Велес на ден 05.01.2018 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за разрешување на директор на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј“ Велес

1.Анита Мирчева,директорна Општинското основноучилиште „Св. Кирил и Методиј“ Велес се разрешува од должноста директор на училиштето пред истекот на мадатот заклучно со 05.01.2018година.

2. Се задолжува разрешениот директор со новоизбраниот вршител на должност директор во рок од 3 (три) дена да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

3.Ова решение стапува во сила со денот на донесувањето.

Број 08-102/1
05.01.2018година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Бр. 7

Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 135, став 1 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11,6/12,100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14,10/15, 98/15, 145/15 и 30/16), Градоначалникот на Општина Велес на ден 05.01.2018година донесе,

Р Е Ш Е Н И Е
за именување на вршител на должноста на директор на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј"- Велес

1.За вршител на должноста директор на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј"- Велес се именува:

· Илчо Стојановски – дипломиран ваијар

2. Вршителот на должноста директор на училиштето ќе ги има сите права и обврски како директор на Општинско основно училиште и должноста ќе ја извршува од 06.01.2018година.

3. Се задолжува вршителот на должноста на директор во рок од три дена со разрешениот директор на училиштето да извршат примопредавање на правата и должностите, а во согласност со позитивните прописи.

4. Функцијата вршител на должноста на директор ќе ја извршува се до изборот на директор на Општинското основно училиште, но не подолго од 6 (шест) месеци.

5.Ова решение влегува во сила од денот на донесувањето.

Број 08-134/1
05.01.2018година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес,
Аце Коцевски с.р.

Бр. на акт **Страница**

1	**З А К Л У Ч О К за објавување на Одлука за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Чашка**	1
	ОДЛУКА за прифаќање на предлог за воспоставување на меѓуопштинска соработка со Општина Чашка	
2	**З А К Л У Ч О Кза објавување на Решение за избор на командир на Полициска станицаод општа надлежност Велecs**	1
	Р Е Ш Е Н И Е за избор на командир на Полициска станица од општа надлежност Велес	
3	**З А К Л У Ч О К за објавување на Заклучок за донесување на Програмата за работа на Советот на Општина Велес во 2018 година**	2
	З А К Л У Ч О К за донесување на Програма за работа на Советот на Општина Велес во 2018 година	
4	**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на вршител на должност директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски“ Велес**	11
5	**Р Е Ш Е Н И Е за именување вршител на должноста директор на Општинскиот ученички дом „Лазар Лазаревски “- Велес**	11
6	**Р Е Ш Е Н И Е за разрешување на директор на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј“ Велес**	
7	**Р Е Ш Е Н И Е за именување на вршител на должноста на директор на Општинското основно училиште „Св. Кирил и Методиј“- Велес**	125

Издавач Општина Велес, телефон 232-406, 232-966,

Буџет на Општина Велес
Сметка: 100000000063095 Народна банка на РМ
Сметка на буџетски корисник: 711014100963010
Приходна шифра и програма 725939 - 00